# Преглед на пазарите

20.03.2023-24.03.2023

- ## САД

Приносите на акциите значајно варираа, под влијание на стравот од рецесија и движењата на цените на акциите од банкарскиот сектор. Од друга страна, големите компании кои припаѓаат на секторот технологија остварија подобар раст како резултат на падот на каматните стапки на пазарите. Индексот Nasdaq Composite оствари подобар раст од индексот Russell 2000 за 828 базични поени. Финансискиот сектор заостанува веќе трета недела по ред, а помалите компании кои се од секторот за недвижнини беа во негатива како резултат на стравот дека кризата во банкарскиот сектор ќе се пренесе на комерцијалниот реален сектор, каде банките се примарни заемодавачи.

Можеби најзначајно во текот на неделата е состанокот на ФЕД, на кој беше зголемена каматната стапка за 0,25%. На состанокот исто така беа презентирани очекувањата на централната банка за наредните покачувања кои упатуваат на уште едно покачување во мај годинава но и стопирање на понатамошни зголемувања на каматните стапки. И покрај тоа што Џером Пауел на прес конференцијата изјави дека не очекува намалување на каматните стапки до крајот на годинава, пазарите со веројатност од 98,2% очекуваат намалување на каматните стапки до крајот на 2023 година. Контрадикторно на ова, индексот што ја мери услужната и производствената активност влезе во територија што укажува на експанзија. Имено, ова е поради големото забрзување на растот на приватниот сектор, додека растот на новите нарачки е најголем од септември 2022 година.

- ## Европа

И покрај слабиот перформанс на банките, акциите во Европа остварија раст. Индексот STOXX Europe 600 заврши за 0.87% повисоко. Поголемите индекси исто така завршија позитивно. Индексот DAX се порасна за 1,28%, CAC 40 за 1,30% и италијанскиот FTSE MIB за 1,56%. Банките кои се дел од индексот STOXX Europe 600 продолжија да опаѓаат во текот на неделата.

Централната банка на Англија ја зголеми каматната стапка на 4,25% од 4%. Во поглед на инфлацијата, со последните објавени податоци од февруари 2023 година, годишниот раст е 10,4%. Индексот PMI покажа раст на економската активност втор месец по ред. Во

Еврозоната индексот PMI порасна од 52 на 54,1, движен од растот на услужната дејност. Меѓутоа, во повеќето држави имаше пад на производството, особено во Германија.

- **Азија**

Во Јапонија индексот Nikkei 225 порасна за 0,19%, додека индексот TOPIX се намали за 0,21%. По растот на каматите на ФЕД, јенот порасна во однос на доларот од 131,8 на 130,6. Приносот на 10 годишната јапонска државна обврзница остана непроменет на нивото од 0,29%. Во поглед на последните случувања во глобалниот банкарски сектор, стравот од проширување на кризата се намали, а централната банка на Јапонија превзема превентивни мерки во насока на зголемување на ликвидноста на банките. Базичната инфлација во Јапонија порасна за 3,1% и е намалена во споредба со јануари кога беше 4,2%.

Во Кина, берзите пораснаа во очекување дека централната банка ќе продолжи со поддршка на банките по последните случувања. Индексот The Shanghai Stock Exchange порасна за 0,46%, а индексот CSI 300 порасна 1.72%.